Врз основа на член 15 став (7) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови.

Член 2

(1) Основното образование во домашни услови го реализира училиштето каде што е запишан ученикот.

(2) Наставата за учениците кои се на подолго лекување во домашни услови се реализира индивидуално.

(3) Основното образование во здравствени установи го реализира училиштето кое е најблиску до здравствената установа и реализира настава на мајчин јазик на ученикот.

(4) Образовно-воспитната работа за учениците на подолго болничко лекување во здравствени установи опфаќа реализирање на настава и други начини на работа со учениците во паралелки или индивидуално, во зависност од можностите на ученикот и неговата здравствена состојба.

Член 3

(1) За учениците кои поради здравствени проблеми или хронични болести не можат да посетуваат настава подолго од три недели, наставата може да се организира во домашни услови, односно во здравствени установи, додека трае лечењето.

(2) За учениците кои не можат поради здравствени проблеми да присуствуваат во процесот на воспитно-образовната работа во училиштето подолг временски период, училиштето може да организира континуирана настава,

односно настава по потреба, како посебен облик на работа за ученици на подолго домашно или болничко лекување.

Член 4

(1) Родителот, односно старателот на ученикот кој поради здравствени проблеми или хронични болести не може да посетува настава подолго од три недели, поради потребата за организирање на наставата во домашни услови го известува училиштето и поднесува барање за организирање настава во домашни услови.

(2) Барањето кое го доставува родителот/старателот содржи причини поради кои е неопходно да се организира настава во домашни услови и треба да биде проследено со мислење од лекар специјалист за спреченост детето да оди на училиште со очекувано време на спреченост;

(3) Настава во болнички услови може да посетуваат сите ученици кои се наоѓаат на болничко лекување во текот на учебната година во согласност со можностите на ученикот и неговата здравствена состојба

Член 5

(1) Барање за добивање согласност за организирање настава за учениците на подолго болничко лекување во здравствени установи се поднесува од страна на училиштето во кое е запишан ученикот, односно од здравствената установа во којашто ученикот е на лекување.

(2) Врз основа на барањето од страна на училиштето односно здравствената установа, Министерството за образование и наука определува училиште кое ќе ја организира наставата за ученикот/учениците во здравствената установа.

Член 6

(1) Училиштето кое реализира настава во здравствената установа може да организира настава на учење од далечина, користејќи електронски средства за комуникација за оние ученици кои се надвор од здравствените установи, а нивната здравствена состојба не дозволува друг вид на настава (ученици со ослабен имунитет, на бањско лекување, заразно заболување и сл.), како и за ученици кои во текот на учебната година повеќе пати се враќаат во болницата на здравствена терапија.

(2) Организацијата на наставата во болниците зависи од бројот на учениците, времетраењето на престојот во здравствената установа, како и од просторните услови на истата.

(3) Наставата за секој ученик се изведува според наставниот план и наставната програма за соодветното одделение, а по потреба и согласно програма прилагодена на здравствената состојба на ученикот.

(4) Реализацијата на наставата обезбедува остварување на целите, очекуваните резултати и стандардите од наставната програма за соодветното одделение.

(5) Наставата во здравствената установа може да биде организирана:

- во паралелки од исто одделение;
- комбинирани паралелки;
- индивидуално.

(6) Наставниот час во болнички услови е во траење од 40 минути.

(7) Траењето на наставата може да биде и пократко во зависност од здравствената состојба на ученикот.

Член 7

(1) Ако ученикот одреден период следи настава во здравствена установа, училиштето кое реализира настава во таа установа доставува докази за следење и вреднување на учениците до училиштето во кое е запишан ученикот.

(2) Часовите организирани во домашни услови може да се реализираат во домашни услови со посета на наставник и/или во форма на учење со користење на електронски средства за комуникација (он-лајн настава).

(3) Ако училиштето кое треба да ја реализира наставата за учениците во домашни услови има доволно кадровски потенцијал, наставниците истата можат да ја реализираат во домот на учениците во зависност и од условите на ученикот во домот, како и неговата здравствена состојба.

Член 8

(1) Во казнено-поправните установи се организира основно образование како дел од општиот систем на образование и воспитување и врз основа на барање и доставени податоци за осудениците од страна на Управата за извршување на санкции .

(2) Секој осуденик кој нема завршено основно образование се запишува во одделението кое одговара на степенот на неговото претходно образование и ја посетува наставата.

(3) Степенот на завршеното претходно образование се потврдува со свидетелство за завршено соодветно одделение.

(4) Доколку осуденикот нема свидетелство за завршено соодветно одделение се спроведува тестирање за проверка на знаењето на претходното ниво на знаење, со што ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение во основното образование.

(5) Наставата се реализира на мајчин јазик согласно наставниот план и наставните програми за образование на возрасните.

(6) Наставата се реализира од страна на основно училиште кое припаѓа во мрежата на установи за образование на возрасните, верифицирана од страна на Министерството за образование и наука како установа или институција за образование на возрасни на начин утврден со Законот за образование на возрасните, и кое е во близина на казнено-поправната установа.

Член 9

(1) Во воспитно-поправните установи се организира основно образование како дел од општиот систем на образование и воспитување и врз основа на барање и доставени податоци за штитениците од страна на Управата за извршување на санкции.

(2) Секој штитеник кој нема завршено основно образование се запишува во одделението кое одговара на степенот на неговото претходно образование и ја посетува наставата.

(3) Степенот на завршено претходно образование се потврдува со свидетелство за завршено соодветно одделение.

(4) Доколку штитеникот нема свидетелство за завршено соодветно одделение се спроведува тестирање за проверка на знаењето на претходното ниво на знаење, со што ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение во основното образование.

(5) Запишувањето на титениците кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница се врши според Законот за основното образование.

(6) Наставата се реализира согласно наставниот план и наставните програми за основно образование, а за учениците кои се над 16-годишна возраст според програмите за образование на возрасни.

(7) Наставата се реализира според наставни програми за соодветното одделение на основното образование согласно Законот за основното образование или според прилагодени наставни програми за основно образование за штитениците кои не се вклучени во наставата, а се со надмината возрасна граница.

(8) Основно образование во воспитно-поправните установи може да организира основното училиште кое е најблиску до установата и реализира

настава на мајчин јазик на ученикот со одобрение од Министерството за образование и наука.

(9) Наставата се реализира од страна на основно училиште кое припаѓа во мрежата на установи за образование на возрасните, верифицирана од страна на Министерството за образование и наука како установа или институција за образование на возрасни на начин утврден со Законот за основното образование.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр.18-6575/1
6.7.2020 година
Скопје

**Министер за образование и наука**

**Arbër Ademi с.р**